РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2247/2
30-12-2020

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------- --------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница Продолжение одржано на ден 30.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3807 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3807/1 од 26.08.2019 година доставена од подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3807 од 2019 година.

Предметот со број 12-3807 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3807 од 2019 година е оформен по барање бр. 12-3807/1 од 26.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- --------- од ----------,.

Доставената пријава всушност претставува барање кое подносителот го доставил до Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медијацијата, а со кое бара да му бидат доставени податоци и документи (*записници и одлуки*) согласно Уставот на РМ и Деловникот за начинот на вршење на работите на Одборот, а кое Барање во копија го доставува и до ДКСК и др. институции. Подносителот на пријавата бил член на Одборот и бараните податоци и документација ги бара согласно неговите права произлезени од Уставот, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози.

На крајот од доставеното Барање, подносителот наведува дека доколку не било постапено по неговото доставено барање за слободен пристап, тој ќе поднел соодветна кривична пријава против Одборот за сторено кривично дело спречување на пристап кон јавен информатички систем, како и други прекршочни постапки. Исто така, подносителот наведува дека како основ за кривичната пријава би било и неговото сомневање дека од страна на Претседателот на Одборот самостојно биле носени одлуки, иако согласно Актите на Одборот во името на Одборот тој не можел сам да носи одлуки или други акти – уверенија, лиценци, дозволи, решенија и слично, како и за сомневањето дека некои од издадените уверенија и лиценцине биле издадени во соодветна постапка согласно Законот за медијација и Деловникот за работа на Одборот, што според него претставувало кривично дело несовесно работење во службата и злоупотреба на службената положба за кое можело да се поднесе кривична пријава до надлежен обвинител.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и заради утврдување на фактичката состојба, достави барање до подносителот на пријавата да достави дополнителни податоци и информации во врска со предметниот случај и да даде појаснување во врска со предметните наводи. По барањето на ДКСК не е доставено известување од страна на подносителот.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба за предметниот случај, ДКСК констатира дека по нејзиното барањето не е постапено и не се добиени дополнителните податоци и информации кои се побарани од подносителот на пријавата по што, оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 30 декември 2020 година под бр. 12- 2247/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р В.Г.,член на ДКСК